**Општина Демир Капија**

## Вовед – Општи информации за проектот

### Локална улица „Јане Сандански“ во град Демир Капија

Улицата „Јане Сандански“е лоцирана во јужниот дел од градот Демир Капија. На северозападната и југоисточната страна улицата се спојува со постоечки асфалтни улици. Ширината на улицата „Јане Сандански“е променлива и не ги задоволува критериумите за непречен проток на возила и безбедност во сообраќајот. Сегашната состојба на проектната улица е карактеризирана со земјен пат со разни видливи оштетувања, формирана од два краци.

Согласно Основниот проект, планирано е да се постави нов асфалт со ширина од 5,5m и тротоари од двете страни на првиот крак од улицата. Вториот крак претставува продолжение на првиот крак и е предвиден да биде пешачка патека. Одводнувањето на улиците е преку надолжните наклони по должина на целата улица. На двете страни од проектната улица „Јане Сандански“ лоцирани се само индивидуални куќи.

Основните проектни елементи на улицата се:
КРАК 2: пешачка патека со променлива ширина ~2.7m

- Се предвидува поставување на нов асфалт БХНС16 - 7см и поставување на големи
- рабници (18x10x24) од двете страни на коловозот на Крак 1 како и мали рабници
- (8x20) долж Крак 2 и новопроектираните тротоари.
- Крак 2 е пешачка патека од павер елементи (8x10x20см).
- Тротоари се предвидени долж целиот коловоз од двете страни на коловозот.Од десната страна тротоарот има променлива широочина (130-270см) – која е условена од градежните парцели во урбанистичкиот план. Тротоарот од левата страна на коловозот се планира со константна ширина од 200см.

Локалниот пат е дел од Т7Д4. Вкупната сума за реконструкција на овој проект изнесува 4218307.5 денари.

# LOCAL ROADS CONNECTIVITY PROJECT





**LOCAL ROADS**
**CONNECTIVITY PROJECT**




https://www.mapillary.com/app/?pKey=222139196544492

Изготвил: Елизабета Колиќ Соколовска,
ЕИП Експерт за патна транспортна инфраструктура